ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08 – 4526
27. 04. 2023
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 11 став 9 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/2019), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за критериуми за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје - Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ)

### Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје - Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), преку селекција на кандидатите со утврдени критериуми и одредување на бодувањето во сите фази на селекцијата.

### Член 2

Постапката за селекција се спроведува во три фази и тоа:

I фаза - проверка на пријавата и доказите.

II фаза - проверка на физичката подготвеност.

III Фаза - интервју.

### Член 3

**Во првата фаза од постапката за селекција** - проверка на пријавата и доказите, Комисијата за селекција формирана со решение од страна на Градоначалникот на Град Скопје во рок од 8 (осум) дена од истекот на рокот за пријавување на јавниот оглас врши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување од кандидатот, приложените докази за исполнување на условите од јавниот оглас и нивно бодирање.

Пријавата за вработување која ја пополнува кандидатот ги содржи најмалку следните податоци: основни лични податоци за кандидатот - име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, контакт телефон, контакт e-mail, степен и вид на образование, припадност на заедница, согласност на кандидатот за обработка на лични податоци во постапката за вработување, изјава на кандидатот под материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот и своерачен потпис на кандидатот.

Кон пријавата за вработување кандидатот доставува кратка биографија и кратко мотивационо писмо и докази за исполнување на условите за вработување (во оригинал или копија заверена на нотар).

Образецот на пријавата за вработување е достапен за кандидатите, на веб страницата на Град Скопје, како и во архивата на Градот Скопје за времетраењето на јавниот оглас.

Доколку при оваа фаза Комисијата за селекција утврди дека недостастасува некој од доказите, истата е должна да побара од кандидатот во рок од три дена да ги комплетира доказите, на начин што го контактира кандидатот преку e-mail адресата или телефонскиот број внесени во пријавата за вработување.

Сите кандидати кои ги комплетирале задолжителните докази се квалификуваат во втората фаза на селекцијата, а оние кандидати кои не ги доставиле задолжителните докази во дополнително определениот рок, се дисквалификуваат од понатамошна селекција.

По комплетирањето на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.

Доколку Комисијата за селекција се сомнева во веродостојноста на кој било од доказите, истата е должна да достави барање за дополнителни проверки кај органот односно институцијата која го издала доказот, кој е должен во рок од 10 дена да и одговори.

Доколку при проверката се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за информатичко општество и администрација, кое води Регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор.

Кандидатот кој доставил лажни докази за исполнување на условите не може да се вработи во јавниот сектор во период од десет години од денот на известувањето од став 8 од овој член.

Доколку кандидатот не доставил податоци за контакт, односно не ја пополнил и доставил уредно пријавата од ставот 2 на овој член, ќе се смета дека не е уредно пријавен и се дисквалификува од понатамошна селекција.

Кандидатот во оваа фаза на постапката може да освои најмногу 16 бодови распоредени на следниот начин:

Образование

- За завршено средно образование ................................................4 бодови
- За завршено вишо или повисок степен на образование .............6 бодови

Работно искуство

- За минимум работно искуство барано во јавниот оглас кандидатот добива 2 бода, а за секоја година работно искуство барано во огласот се добива 0,5 бода, но најмногу 10 бодови.

Комисијата за селекција по завршувањето на првата фаза изготвува записник со ранг-листа на кандидати кои ја поминале првата фаза на постапката за селекција во којшто задолжително меѓудругото се наведува и кои кандидати не ги доставиле задолжителните докази со пријавата за вработување и им е оставен дополнителен рок за комплетирање на доказите, како и кои кандидати не ги доставиле доказите и во дополнителниот рок и се дисквалификуваат од натамошната постапка и останатите кандидати кои се дисквалификуваат од натамошната постапка и причината за тоа.

**Член 4**

**Во втората фаза од постапката за селекција** - проверка на физичката подготвеност се закажува и врши проверка на физичката подготвеност на кандидатите кои ја поминале првата фаза на селекција.

Градот Скопје не одговара за евентуалните незгоди и повреди за време на проверката на физичката подготвеност на кандидатите.

Кандидатот за вработување потпишува согласност дека нема да бара оштетни побарувања при евентуални незгоди и повреди.

Физичката способност на кандидатите се проверува преку стандардизирани тестови за утврдување на психомоторичен статус на кандидатите.

Максимален број на бодови за утврдување на психомоторичниот статус е 30 бодови.

**Член 5**

Проверката на физичката способност и подготвеност на кандидатите ќе се врши во следните 3 фази:

- **Прва фаза** – Опфаќа тестови за проценка на општата физичка подготвеност на кандидатот пожарникар и тоа :

1.Подигнување (згибови) на вратило;
2.Скијачки скок;
3.Склекови;
4.Подигнување трупот од лежечка положба (стомачни), и
5.Куперов тест.

Опис и цел на вежбите:

**1.Подигнување (згибови) на вратило:** ја мери силата и издржливоста на горниот дел од телото. Вежбата се изведува на вратило, кандидатот е во висечка вертикална положба со испружени раце во лактот, задача на кандидатот е да изведе максимален број на подигнувања во висина на брадата и спуштање на телото.

**2.Скијачки скок:** ја утврдува статичката сила и издржливост на долните екстремитети (нозете) на кандидатот. Вежбата се изведува на рамна површина во фискултурна сала каде кандидатот е поставен покрај ѕид во седечка положба каде аголот на натколеницата и потколеницата ќе изнесува 90°, а рацете да бидат во релаксирана положба покрај телото. Во оваа положба кандидатот треба да се задржи што поголем временски период.

**3.Склекови:** Силата на раце и рамениците се тестира со склекови на рамна површина. Тестот се изведува на рамна површина во фискултурна сала, теретана или на отворено. Кандидатот е во хоризонтална позиција за склек, рацете се поставени во ширина на рамото .Задача на кандидатот е да направи што повеќе правилни спуштања и подигања во една минута.

**4.Подигнување трупот од лежечка положба (стомачни)**: се утврдува силата и издржливоста на трупот односно на стомачната мускулатура.Вежбата се изведува рамна површина каде кандидатот во лежечка положба со свиткани колена под агол од 90° каде стапалата ќе бидат со цела површина на подлогата, а рацете позади глава претплетени во прстите .Кандидатот во време од една минута треба да изведе што повеќе повторувања.

**5.Куперов тест:** утврдување аеробната издржливост на кандидатот. Куперов тест се изведува на отворен или затворен простор во кој кандидатот има цел за 12 минути да истрча колку може подолго растојание.

Во оваа фаза можат да бидат освоени најмногу 14 бода на следниот начин:

| Подигнување (згибови) на вратило | Скијачки скок (секунди) | Склекови | Подигнување на трупот од лежечка положба (стомачни) | Куперов Тест 12 минути | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 95 + | 50 | 45 | 2800 м | 14 |
| | 80-95 | 45-49 | 39-44 | 2600 м | 12 |
| | 65-79 | 39-44 | 34-38 | 2400 м | 10 |
| | 50-64 | 33-38 | 29-33 | 2200 м | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 35-49 | 27-32 | 28-32 | 2000 м | 6 |
| | 20-34 | 21-26 | 21-27 | 1800 м | 4 |
| | < 20 | 20 | 20 | 1600 м | 2 |

Вкупните бодови во оваа фаза се добиваат така што се собираат бодовите од освоениот резултат на кандидатите во секоја од поединечните вежби и се дели со 5, притоа добиениот резултат се впишува заклучно со втората децимала. Кандидатот кој во оваа фаза нема да освои повеќе од 5 бодови е елиминиран од понатамошната постапка на проверка на физичката подготвеност и се дисквалификува од понатамошна селекција.

- **Втора фаза** - Опфаќа тестови за проценка на специфичната физичката подготвеност на кандидатот пожарникар и тоа :

1. Качување по јаже;
2. Качување по внатрешни скали, и
3. Качување со скала од надворешна страна до втор спрат.

Опис и цел на вежбите:

Целта на овие комплекс вежби е да се утврди способноста на кандидатот и неговата умешност, во реални услови да се справи со задачите кои ќе бидат идно секојдневие на кандидатот за пожарникар .Вежбите кандидатот ќе ги изведува со полна заштитна опрема и ќе биде дополнително заштитен со спасувачко јаже при изведување на вежбите. Со овие вежби се добива појасна слика за кандидатот.

Во оваа фаза можат да бидат освоени најмногу 14 бода на следниот начин:

- зауспешно качување по јаже...............................................................4 бода
- за успешно качување по внатрешни скали..........................................4 бода
- за успешно качување со скала од надворешна страна до втор спрат.......6 бода

Кандидатот кој во оваа фаза нема да освои повеќе од 5 бодови е елиминиран од понатамошната постапка на проверка на физичката подготвеност и се дисквалификува од понатамошна селекција.

- **Трета фаза** – тест за проценка на способноста за пливање на кандидатот пожарникар.
  **1.** Пливање на 50 метри

Опис и цел на вежбата:

Целта на оваа вежба е да се утврди способноста за пливање на кандидатот која е многу битна во понатамошното работење на кандидатот доколку се вработи како пожарникар при разни технички интервенции (поплави итн). Пливањето ќе се изведува во затворен базен и кандидатот има за цел да исплива 50 метри. За успешно завршено пливање на 50 метри, кандидатот добива 2 бода.

Кандидатот кој нема успешно да ја заврши оваа вежба е елиминиран од понатамошната постапка на проверка на физичката подготвеност и се дисквалификува од понатамошна селекција.

За кандидатите кои ќе се вработуваат на работни места од категориите А и Б утврдени во Законот за пожарникарството, нема да се применуваат втората и третата фаза од овој член и нема да се врши бодување за овие две фази, така што вкупниот број на бодови кои овие кандидати може да ги освојат во втората фаза (проверка на физичката подготвеност) изнесува 14 бодови.

По завршувањето на проверката на физичката подготвеност на кандидатите, Комисијата за селекција изготвува записник со ранг- листа на кандидати кои ја поминале втората фаза на постапката за селекција.

**Член 6**

**Третата фаза од постапката за селекција** - интервјуто се спроведува во рок од 10 (десет) дена по спроведената втора фаза од селекцијата.

На интервјуто кандидатот може да освои најмногу 20 бодови односно најмногу 4 бода од општите прашања, најмногу 8 бода од ситуационите прашања, најмногу 6 бода од стручните прашања и најмногу 2 бода од оценката на способноста на кандидатот за изразување/пишување на македонски литературен јазик.

Комисијата за селекција одржува подготвителен состанок најдоцна 30 минути пред почетокот на интервјуто на кој се определува формата на интервјуто (усно или комбинирано усно и писмено) и темите кои ќе се опфатат во текот на интервјуто.

Интервјуто се состои од следните елементи:

-општи прашања,преку кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работното место,прашања во врска со претходното работно искуство (ако имал),очекувањата на кандидатот од вработувањето и сл;

-ситуациони прашања, преку кои се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која и припаѓа работното место;

-стручни прашања или практични задачи, преку кои се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место; и

- оценка на способноста на кандидатот за изразување/пишување на македонски литературен јазик.

Текот на интервјуто се координира од страна на претседателот на Комисијата за селекција кој треба да обезбеди еднаков и фер однос кон сите кандидати.

Комисијата за селекција поединечно за секој кандидат пополнува формулар во кој ги внесува бодовите, одделно за сите елементи на интервјуто и го потпишува формуларот.

За спроведеното интервју се составува записник со ранг-листа на кандидатите со кои е спроведено интервјуто.

**Член 7**

По спроведувањето на постапката за селекција од страна на Комисијата за селекција за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција.

При составувањето на ранг-листата, доколку има двајца или повеќе најуспешни кандидати со ист број на бодови предност во рангирањето има оној кандидат што има возачка дозвола од „Ц“ категорија.

Од ранг-листата од ставот 1 на овој член се избираат онолку кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот за вработување во Град Скопје се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за таквите работни места.

Доколку на ранг-листите од ставот 3 на овој член нема доволно кандидати, јавниот оглас во тековната година може да се повторува се додека работните места не се пополнат, при што во понатамошните повторувања се избираат најдобро рангираните кандидати без оглед на нивната припадност на заедница.

Конечната ранг-листа на најуспешните кандидати, Комисијата за селекција ја доставува до Градоначалникот на Град Скопје за вршење на избор, кој врши избор во рок од 15 дена.

**Член 8**

Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето.

**Член 9**

Со донесувањето на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица на Град Скопје - Бригада за противпожарна заштита бр.08-10261/1 од 15.11.2018 година.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник на Град Скопје**

**Данела Арсовска**